Национална агенција за европски образовни програми и мобилност
Скопје Р.Македонија
Бр. 04-96/1
18.01. 2018 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 19 од Законот за Национална агенција за европски образовни програми и мобилност („Службен весник на Република Македонија, број 113/07, 24/11, 24/13, 41/14. 145/15 и 55/16) а во врска со член 6 став 2 од Законот за волонтерството („Службен весник на Република Македонија“ број 85/2007, 161/2008 и 147/2015), Директорката на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност донесе:

# ПРОГРАМА ЗА ВОЛОНТИРАЊЕ ВО НАЦИОНАЛНАТА АГЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ

## I. Општи одредби

1. Со оваа Програма се пропишува начинот на вршење на волонтерски услуги во Националната агенција за европски образовни програми и мобилност (во понатамошниот текст: НА) согласно Законот за волонтерството („Службен весник на Република Македонија“ број 85/2007, 161/2008 и 147/2015).

2. Во НА годишно може да се ангажираат волонтери во согласност со:
- потребите на НА;
- определбите на Директорот на НА.

Директорот на НА бројот на волонтери кои се ангажирани во НА го определува согласно условите и тековната работа на НА.

## II. Волонтерство

1. Волонтер во НА е физичко лице со завршено високо образование или стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или со средно образование, кое дава услуги, знаења, вештини или вршење на други активности во корист на НА, на доброволна основа и без финансиска или друга лична добивка.

2. Волонтерот за давањето на услугите, знаењата и вештините за работите од надлежност на НА има право на надоместок на трошоци за храна и трошоците за превоз до и од местото на волонтирањето во висина до 15% од просечната месечна плата во Републиката исплатена за претходната година, а трошоците за службени патувања и трошоците за обука (доколку за тоа има потреба), се исплатуваат во иста висина како за вработените во НА.

3. Евиденцијата на волонтерската работа ја води Оделението за управување со човечки ресурси кое ги внесува следните податоците: личните податоци на волонтерот (име и презиме, матичен број, место на живеење); број на договор склучен со физичко лице; времетраење на волонтирањето; времетраење на волонтерски часови во текот на месецот; вид и времетраење на обуката која волонтерот ја имал за време на волонтирањето, потпис на волонтерот и лицето овластено за застапување и печат.

4. За извршената волонтерска работа на волонтерот му се издава волонтерска книшка. Во волонтерската книшка се опишуваат работите што ги вршел волонтерот и периодот во кој ги извршувал тие работи.

5. Волонтерот во НА согласно оваа Програма и потребите на НА ќе извршува волонтерски услуги како:

- поддршка на ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА;
- поддршка на ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ;
- поддршка на СЕКТОР ЗА ПРАВНИ РАБОТИ;
- поддршка на СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА;
- поддршка на СЕКТОР ЗА КООРДИНАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЕВРОПСКИТЕ ПРОГРАМИ И МРЕЖИ;
- поддршка на СЕКТОР ЗА ИНДИВИДУАЛНИ МОБИЛНОСТИ ВО ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО, ОБУКА И МЛАДИ и
- поддршка на СЕКТОР ЗА СТРАТЕШКИ ПАРТНЕРСТВА ОД ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО, ОБУКА И МЛАДИ

6. Правата и одговорностите на волонтерите кои произлегуваат од вршењето на волонтерски услуги во НА ќе бидат регулирани со договор за волонтерство

согласно прописите за волонтерство.

## III. Преодни и завршни одредби

1. Оваа Програма ќе важи од денот на нејзиното донесување.

2. Програмата за волонтирање на Националната агенција за европски образовни програми и м обилност ќе се објави на веб порталот на НА www.na.org.mk

**ДИРЕКТОРКА**
**Лидија Димова**